Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 99, 1 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање  насловен доцент за наставно-научната уметничка област соло пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Одбрани текстови од управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ СОЛО ПЕЕЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 18.10.2012 година, донесе Одлука бр. 1902-174/34 за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област ***вокално пеење*** на Факултетот за музичка уметност.

На 29.11.2012 година Наставно-научниот уметнички совет донесе Одлука бр. 1902-187/4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност, во состав:

– проф. м-р Борис Трајанов, вонреден професор, наставно-научна уметничка област вокално пеење, Факултет за музичка уметност во Штип, претседател;
– проф. д-р Билјана Ј. Јоакимова, редовен професор од наставно-научната уметничка област соло пеење, Факултет за музичка уметност во Скопје, член;
– проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор од наставно-научна уметничка област теорија на музиката и музичка педагогија, Факултет за музичка уметност во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 7.11.2012 година, за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *вокално пеење* се пријави само еден кандидат: м-р Благица Поп-Томова.

Критериумите за избор на наставник во насловно звање насловен доцент наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
– кратка биографија;
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– уверение за државјанство;
– изјава - образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

*Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат*

Кандидат: м-р Благица Поп-Томова

- Пријава: има;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
- Потврда за странски јазик: има;
- Кратка биографија: има;
- Список на трудови/концерти (член 127): има;
- Уверение за државјанство: има;
- Изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија: има.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Благица Поп-Томова** е соло пејач со широка концертна дејност во својата земја, како и надвор од неа. Магистерските студии по соло пеење ги завршува со највисок просек на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Билјана Ј. Јоакимовска. Во истата класа, во моментов, се подготвува за докторски студии по соло пеење. Паралелно со студиите во Скопје, вработена е во Македонската опера и балет како солист на главни улоги.

Родена е во 1977 година во Штип. Средното музичко училиште го завршува во Скопје (1991-1995 година) на отсекот Соло пеење, кај проф. Марија Николовска. Дипломира на Музичката академија во Скопје, во класата на проф. Биљана Ј. Јакимовска. Покрај редовната настава таа посетува повеќе мастер класови кај професори по соло пеење, како во Р. Македонија така и надвор од неа (prof. Arturo Sergi, Lorus Gai, James Loomis, Gundula Nowak, Kurt Rapf, Tolando Russo). Има настапувано со оркестарот на Македонската филхармонија, Ost-West Simhonie Orchester Altenburg Germanu. Мал камерен оркестар во Франција – Париз, Денови на македонската музика, Скопско културно лето, Штипско културно лето и др. Прва изведба на Вагнер со Македонската филхармонија – диригент Timm Tzschaschel, 7 декември 1998 година. На 28 мај 1999 година дебитира на Македонската оперска сцена на 27-те Мајски оперски вечери со улогата Инес во операта „Трубадур“. Во 2001 година веќе е член на Македонската опера и балет со улогата Сантуца во операта „Кавалерија рустикана“, „Кармен“ – Микела, „Турандот“ – Лиу, „Тоска“ – Тоска, Дон Џовани – Дона Ана, Војвотката на чардашот – грофицата - Силва, Веселата – вдовица –Главари, „Травијата“ – Виолета „Орфеј и Евридика“ – Евридика, Филхармонија 2 –та симфонија Г, Малер. Има настапувано на многу самостојни концерти, како на: Штипско културно лето во 2009 година, на концертот Санда Бикова традиционален 2009/2010, 2010/2011 година. Гостин на концертот на Борис Трајанов во 2010 година во Штип, Хуманитарен концерт во 2010 година во нејзина организација. Исто така, активно учество во Македонската опера како солист на главни улоги, воедно нејзина матична куќа, каде што изведува оперски главни ролји. Исто така, има организирано и хуманитарни концерти во 2010 година за набавка на очен апарат за Очното одделение при Здравствениот дом во Штип. Новогодишни концерти, концерти по повод нашите државни празници кои се одржуваа во МОБ и во другите градови во Р. Македонија.

Таа е редовен член на Македонската опера и балет во Скопје, каде што од 2011 до 2012 година има редовен репертоар, опери и концерти кои ги изведува.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2008 година м-р Благица Поп-Томова е асистент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На истиот Факултет го предава и предметот Соло пеење.

М-р Благица Поп-Томова е член на комисија на меѓународен натпревар во Битола, организатор на концерти и манифестации од класичен и од хуманитарен карактер.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2008 до 2012 година, м-р Благица Поп-Томова реализираше успешно четириесет и осум солистички и камерни концерти во признати сали во земјава и еден концерт во странство. Концертите се приложени во прилог на целокупната документација: плакати, програми и цедиња.

- 22.12.1994 г.: Концерт во Хорска сала, ФМУ – Скопје;
- 22.5.1995 г.: Концерт по соло пеење – Битола;
- 19.4.1995 г.: Солистички концерт на Благица Поп-Томова во ДМУБЦ „Илија Николовски Луј“ – Скопје.
- 25.5.1998 г.: Концерт при ФМУ – Скопје;
- 1998 г.: Концерт при УЦМО – Штип;
- 25.4.1998 г.: Интернационален фестивал – Белград;
- 6.6.1998 г.: „Музика вива“ – Скопје;
- 1998 г.: Концерт на камерен хор „Франце Прешерн“;
- 23.5.1998 г.: Семинар по соло пеење – Скопје;
- 17.4.1998 г.: Настап во Дом на АРМ – Скопје;
- 1999.г.: Рецитал на Благица Поп Томова – галерија „Безистен“ – Штип;
- 24.10.1999 г.: Опера „Кармен“ – Скопје;
- 1999 г.: Самостоен концерт за „Ротери клуб“;
- 7.12.1999 г.: Свечен концерт „Вагнер“ – Скопје;
- 29.6.1999 г.: Самостоен концерт - Скопје;
- 31.9.1999 г.: „Мајски оперски вечери“ – Скопје;
- 1999 г.: Скопско лето;
- 28.4.1999г.: Концерт – Скопје;
- 9.12.2000 г.: Свечен концерт, организатор Благица Поп-Томова;
- 24.11.2000 г.: Работи како професор во ДСЦМУ - Штип;
- Јули 2002 г.: Штипско културно лето;
- 18.5.2000 г.: Годишен концерт - Штип;
- 31.9.2002 г.:опера „Турандот“ - Скопје;
- 12.1.2002 г.: Опера „Веселата вдовица“;
- 24.7.2002 г.: Диплома од Меѓународен конкурс за пејачи - Белорусија;
- 10.10.2003 г.: Гала оперски концерт – Скопје;
- 3.7.2004 г.: Солистички концерт – Штип;
- 26.6.2004 г.: Штипско културно лето – Штип;
- 12.1.2004 г.: Гала оперски концерт – Скопј;
- 26.11.2004 г.: Станува признат член на Словенското здружение;
- 4.2.2005 г.: Опера „Тоска“ – Скопје;
- 19.9.2006 г.: Гала оперски концерт – Скопје;
- 12.1.2006 г.: Гала оперски концерт – Скопје;
- 1.6.2007 г.: Концерт во Министерство за надворешни работи на РМ;
- 1.7.2007 г.: Свечен концерт - Скопје;
- 27.10.2007 г.: Концерт во Куманово;
- 5.2.2007 г.: Концерт за кампања за екологија - Штип;
- 25.10.2007 г.: Концерт во Охрид;
- 24.4.2007 г.: Солистички концерт - Скопје;
- 1.11.2007 г.: Гала оперски концерт – Скопје;
- 2007 г.: Благодарница за изведба за помагање за донација на оргули;
- 11.4.2009г.: Опера „Кавалерија Рустикана“ – Скопје;
- 22.5.2009 г.: Мајски концерт, галерија „Безистен“ - Штип;
- 8.9.2010 г.: Свечен концерт - Скопје;
- 13.2.2010г.: Опера „Кармен“ - Скопје;
- 20.3.2010 г.: Опера „Кавалерија Рустикана“ - Скопје;
- 24.5.2010 г.: Мајски концерт, галерија „Безистен“ - Штип;
- 4.10.2011 г.: Опера „Орфеј и Евридика“ - Скопје;
- 11.11.2011г.: Концерт во Мултимедијален центар при УГД - Штип;
- 13.1.2011г.: Гала концерт - Скопје;
- 16.12.2011г.: Опера „Војвотката на чардашот“ - Скопје;
- 4.2.2011 г.: Опера „Турандот“;
- 26.12.2011 г.: Концерт на Драган Шуплевски - Скопје;
- 17.5.2011 г.: Опера „Дон Џовани“ - Скопје;

- 21.6.2011 г.: Скопско лето - Скопје;
- 23.12.2011 г.: Денови на Македонската музика - Скопје;
- 2011 г.: Гала оперски концерт - Скопје;
- 12.1.2011 г.: Василичарски концерт - Скопје;
- 2011 г. - Отворање на сезона Филхармонија, Симфонија.бр.2 ,Г. Малер;
- 26.5.2012 г.: Опера „Травијата“ - Скопје;
- 8.3.2012 г.: Солистички концерт - Скопје;
- 12.7.2012 г.: Мултимедијален проект „Охридско лето“ – Охрид;
- 12.6.2012 г.: Годишен концерт при ФМУ – Штип;
- 12 и 13.1.2012 г.: Василичарски концерт – Скопје.

***Настапи и концерти во странство***

- 23.7.1998 г.: Музички фестивал – Алтенбург, Германија;
- 18 и 19.7.1998 г.: Свечени концерти – Алтенбург,Германија
- 2000 г.: Милениум хом – Лондон;
- 3.7.1998 г.: Настап по повод отворање на фабрика „Цитроен“ – Германија;
- 2002 г.: Витебск - Белорусија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Благица Поп -Томова се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност во Штип, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот, **м-р Благица Поп-Томова да се избере во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Борис Трајанов, вон. проф. претседател, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ј . Јоакимова, ред. проф., член, с.р.**
**Проф. д-р Илчо Јованов, вон. проф., член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Благица Поп-Томова**

| Реден број | **Наставно - образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 4 | Интерна скрипта од предавања<br>(снимки од изведени опери)<br>6 x 8 = 48 | **48** | |
| 18 | Раководител на семинар | **2** | |
| 19 | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или уметничка манифестација 2 x 1 = 2 | **2** | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус на студии на двата семестра) 16 | **43** | |
| | Вкупно поени | **95** од потребни 30 | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (целовечерни солистички концерти)<br>14 x 3 = 28 и 5 x 6 = 30 | **28** | **30** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути) 5 x 2 = 10 | **10** | |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди 1<br>3 x 5 = 15 | 15 | |
| | Вкупно поени | **83 од потребни 38** | |

**Вкупно 178 од потребни 75 поени**